Меѓуопштинско јавно претпријатие
ПЕЛАЛИНК
БР 04-92/3
26.12 2024 год.
Битола

Врз основа на член 37 од законот за јавни претпријатија, (Сл.В. бр 38/96, 35/19, 275/19 и последната измена бр.89/22), член 20 од Законот за вработени во јавниот сектор (Сл.В. бр 27/14, 14/20, 215/21, 99/22 и последната измена бр.159/22),член 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл.В.бр 62/05, 110/19, 267/20 и последната измена бр.288/21) ,В.Д Директорот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БР 3 /2024

За вработување на даватели на услуги на неопределено време за следното работно место:
1.**Возач на автобус за јавен превоз (КДР 03 05 Б02 116)**, 6 (шест) извршители. Превозот главно ќе се обавува на територијата на Општина Могила (два возачи), Општина Новаци (еден возач), Општина Битола (три возачи) и останатите потреби на претпријатието.
2. Помлад возач на автобус за јавен превоз (КДР 03 05 Б04 069), 1 (еден) извршител. . Превозот главно ќе се обавува на територијата на Општина Битола
3. Возач на патничко возило (КДР 04 03 А02 002) 1 (еден) извршител. . Превозот главно ќе се обавува на територијата на Општина Новаци

Општи услови

1. Државјани на Република Македонија
2. Активно користење на македонскиот јазик
3. Да имаат општа здравствена способност за работното место
4. Со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови

1.Минимум стручни квалификации под реден број 1,2 и 3:	240 ЕЦВЕТ/МКСОО
2. Минимум работно искуство на струката под реден број 1:	2 години работно искуство
3. Минимум работно искуство на струката под реден број 2:	со или без искуство
3. Возачка дозвола под реден број 1и 2:	категорија Д
4. Возачка дозвола под реден број 3:	категорија Б

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Работното време изнесува 40 часа неделно. Имајќи ја во предвид спецификата на работата, и потребите за превоз на учениците во смени, работното време започнува во зависност од должината на релацијата, а релацијата се изведува според возниот ред. Ефективното работно време во текот на денот трае не подолго од 8 часа.

Паричниот износ на основната плата изнесува 27.692 денари.Согласно Годишниот план за 2024 година предвидени се 8 (седум) извршители.

Постапката за селекција на вработување на даватели на услуги во МЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што го издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Кандидатите треба да ги достават сите документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Извод од матична книга на родени
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Лекарско уверение за возач на соодветнта возачка категорија
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство
- Пополнета пријава завработување

Пријава може да се подигне од портирницата на Општина Битола, секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот до денот одреден за пријавување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите да ги достават на портирница на Општина Битола на ул. Бул. 1- ви Мај 61 Битола

Огласот ќе биде објавен и на WEB страните на Општина Битола, Општина Могила, и Општина Новаци.

Бул. 1-ви Мај бр. 61, 7000 Битола, Република Северна Македонија, тел/факс: +389 75 201 342, e-mail: mjppelalink@gmail.com ЕДБ МК4002021563622, жиро с-ка: **270-0752092101-38**, Халк Банка АД Скопје
адреса за контакт: ул. Бул 1-ви Мај 61, 7000 Битола : ул. Томаќи Димитровски 7/1 – 7000 Битола